**- Сектор за ЕУ програми и фондови -**
**- Sektori për programet dhe fondet e BE-së -**

**Архивски број:** 13-1889/1

**Датум:** 28-02-2025

**До:**

**Предмет:** ***Барање за номинирање член и заменик член во Управен одбор на ИПА проект „Поддршка на системот за обезбедување на квалитет за социјални услуги"***

*Почитувани,*

Ве информираме дека започна реализацијата на проектот "**Поддршка на системот за обезбедување на квалитет на социјалните услуги**" (EC-NEAR/SKP/2024/EA-RP/0009) финансиран од Европската унија. Проектот се имплементира на територијата на Република Северна Македонија од страна на **WYG Consulting Ltd** (контрактор) во партнерство со **CGM Consorzio Nazionale della Cooperatione Sociale Gio Mattarelli**.

Основната цел на проектот е да ги поддржи реформите и политиките кои промовираат пристап до квалитетни социјални услуги за сите корисници низ земјата. Дополнително, проектот има за цел да развие и имплементира сеопфатен, ефективен и ефикасен систем за следење и евалуација , како и да се обезбедат стандарди за квалитет на социјалните услуги.

Проектот го сочинуваат три компоненти:

1. **Компонента I**: Поддршка при унапредувањето на системот за мониторинг и евалуација и рамката за мерење на квалитетот на социјалните услуги;
2. **Компонента II**: Градење на капацитетите на центрите за социјална работа, единиците за локална самоуправа и лиценцираните даватели на социјални услуги во спроведување на системот за мониторинг и евалуација на социјалните услуги
3. **Компонента III**: Унапредување на капацитетите за вршење на стручен надзор и инспекција на Министерство за социјална политика, демографија и млади и Заводот за социјални дејности


Министерство за труд и социјална политика на Република Северна Македонија
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
"Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov.mk

**- Сектор за ЕУ програми и фондови -**
**- Sektori për programet dhe fondet e BE-së -**

Со цел да се обезбеди стручна и техничка поддршка на проектот, како и следење на напредокот на проектот предвидено е да се формира Управен одбор. Управниот одбор ќе се состанува на секои 6 месеци или почесто доколку е потребно со цел да биде информиран за целокупното планирање и напредокот во имплементацијата на предвидените активности. Управниот одбор ја има следнава улога и функција:

- Да ги разгледува извештаите за напредокот на проектот и да дава препораки;
- Да дава препораки или забелешки на документите и др. продукти изработени во рамки на проектот;
- Да го следи напредокот на проектот, резултатите и спроведување на активностите од проектот ;
- Да дискутира за критичните точки/тесни грла кои влијаат на имплементацијата на проектот и да предлага мерки за надминување на проблемите.

Управниот одбор го сочинуваат номинирани претставници од следниве институции/тела:

- Министерство за социјална политика демографија и млади (Сектор за социјална заштита, Сектор за инспекциски надзор, Сектор за децентрализација и развој на услуги од социјална заштита, Сектор за ЕУ програми и фондови),
- Завод за социјални дејности
- Претставник на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје;
- Претставник на единиците на локална самоуправа (ЗЕЛС);
- Даватели на социјални услуги (јавни и приватни);
- Претставник на граѓански организации од областа на социјална заштита (Одделение за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата) ;
- Министерство за правда;
- Министерството за образование и наука;
- Министерството за здравство;
- Институт за социјална работа и социјална политика,
- УНДП,
- УНИЦЕФ,
- Светска банка , Проектна канцеларија на СВ во МСПДМ
- Претставник на Делегацијата на ЕУ, како набљудувач.

Во насока на одржување на состаноците, датумите на одржување, агендата, како и работните материјали, ќе бидат доставени до членовите и заменик членовите најмалку 10 календарски дена пред одржување на состанокот. Контракторот на проектот е Секретаријат на Управниот Комитет одговорен за обезбедување на сите логистички и организациски аспекти за одржување на состаноците на Управниот комитет.

**Ве молиме најдоцна до 7 март 2025 да номинирате два претставника од вашата институција/организација кои ќе учествуваат во работата на Управниот одбор во**


Министерство за труд и социјална политика на Република Северна Македонија
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
"Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov.mk

**- Сектор за ЕУ програми и фондови -**
**- Sektori për programet dhe fondet e BE-së -**

**улога на член и заменик член**. За предложените лица, ве молиме да наведете контакт информации: име, позиција, телефон и e-mail. Дописот за номинираните лица доставете го на следнава електронска пошта: dragana.jakovleska@mtsp.gov.mk

Исто така, потребно е да **потврдите дали номинираните лица за член и заемник член** во Управниот одбор на овој проект ќе бидат и **контакт лица** преку кои до вашата институција ќе се доставуваат информации и ќе се комуницираат нацрт документи изработени во рамки на овој проект.

*Со почит,*

**МИНИСТЕР,**
**Fatmir Limani**

Изработил: Драгана Јаковлеска Станоевски, помлад соработник
Контролирал: Анкица Ивановски, раководител на сектор
Одобрил: Александра Славкоска, државен советник
Согласен: Fatmir Sabriu, државен секретар


Министерство за труд и социјална политика на Република Северна Македонија
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
"Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov.mk